***Автор:*** *Александар Кржаловски*
***Дата:*** *Октомври 2012*
***PDF:*** zakonot-za-branitelite-kratok-osvrt-na-politikite-za-reintegracija.pdf



Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) во согласност со својата мисија и во рамките на редовните програми и активности, ги следи и анализира актуелните општествени случувања, прави истражувања и предлага решенија за проблемите.

Овој осврт е посветен на едно од тие актуелни прашања – политиките на реинтеграција, во случајов на поранешните учесници во конфликтот од 2001 година. Непосреден повод беше поднесувањето до Собранието на предлог-закон за посебните права на припадниците на безбедносните сили на Република Македонија и на членовите на нивните семејства, во јавноста познат и како „Закон за бранителите“.

Постапката на донесување на законот и дебатата околу него повеќе од два месеци креираат тензии на етничка основа, а решение не се назира. Овој осврт има за цел да придонесе во надминувањето на проблемот, со воведување елементи на споредби со меѓународните практики и перцепциите на јавноста. Дел од анализата, во делот на истражувањето на јавното мислење, е направена во соработка со Институтот за демократија Социетас цивилис (ИДСЦС) од Скопје.